# Состојба со КОВИД-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 02-08.06.2025

Тестирани се вкупно 140 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, за еден помалку во однос на минатата недела (n=141). Регистрирани се три позитивни случаи, за две повеќе од претходната недела (n=1). Просечниот процент на позитивност изнесува 1,3%.

***Табела 1.*** *Тестирани и позитивни во период од 02-08.06.2025*

| *Датум* | *Тестирани* | *Позитивни* | *% на позитивност* |
|---|---|---|---|
| 02.6.2025 | 28 | 1 | 3,6% |
| 03.6.2025 | 37 | 2 | 5,4% |
| 04.6.2025 | 27 | 0 | 0,0% |
| 05.6.2025 | 24 | 0 | 0,0% |
| 06.6.2025 | 4 | 0 | 0,0% |
| 07.6.2025 | 5 | 0 | 0,0% |
| 08.6.2025 | 15 | 0 | 0,0% |
| ***Вкупно*** | ***140*** | ***3*** | **1,3%** |

Во текот на минатата недела (02-08.06.2025), регистрирано е едно оздравено лице, а не се пријавени починати лица асоцирани со КОВИД-19.

## СОСТОЈБА СО КОВИД-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2025 година

Во текот на 2025 година, а заклучно со 08.06.2025, регистрирани се вкупно 49 заболени лица. Бројот на заболени лица во месец мај 2025 година (n=6) е за 33,3% помал во однос на месец април 2025 (n=9).
Во текот на 2025 година регистрирани се 2 починати лица асоцирани со КОВИД-19 со датум на смрт во месец јануари и април.
Во текот на 2025 година, а заклучно со 08.06.2025, тестирани се вкупно 5.631 материјал, во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/ здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест. Просечниот процент на позитивност на примероците тестирани за SARS-CoV-2 изнесува 0,9%.

**Проценка на ризик**

Во текот на последниот период континуирано се регистрира низок процент на позитивност. Ниската стапка на трансмисија на SARS-CoV-2, намаленото известување и малиот број на примероци за тестирање преку сентинел системите имаат влијание врз способноста за прецизно да се процени епидемиолошката ситуација. Варијантите кои тековно циркулираат веројатно нема да бидат поврзани со какво било зголемување на сериозноста на инфекцијата во споредба со претходно циркулирачките варијанти или намалување на ефективноста на вакцината против тешка болест.

Популацијата на ЕУ/ЕЕА севкупно има значително ниво на имунитет стекнат по пат на претходна инфекција како и со вакцинација/бустер дози, што дава заштита од тешка форма на болест.
Лицата на возраст над 60 години се со најголем ризик од тешка болест.
Хоспитализациите на лица со потврден КОВИД-19, приемите во интензивна нега и смртните случаи остануваат на ниско ниво во земјите на ЕУ/ЕЕА. Овие податоци во Р.С. Македонија не се достапни.
Иако бројот на заболени од КОВИД-19 на неделно ниво е низок, со оглед на тоа дека во тек е период на зголемена циркулација на респираторни вируси во северната хемисфера, потребен е континуиран надзор (епидемиолошки и вирусолошки) на национално и регионално ниво.

**Препорачани мерки за превенција и контрола**

Се препорачува следење на основните мерки за превенција на КОВИД-19 и останати респираторни заразни заболувања.
Вакцинацијата останува специфична превентивна мерка обезбедувајќи заштита од тешки форми на болест, иако овој заштитен ефект со тек на време се намалува. Продолжува препораката за вакцинацијата на лицата со висок ризик од тешки форми на болест и лош исход (како што се повозрасните лица).[1]

Скопје, 09.06.2025

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***

[1] https://www.ecdc.europa.eu/sites/default/files/documents/Communicable-disease-threats-report-week-10-2025.pdf